**ЗАПИСНИК**
**од 47-та (јавна) седница на Советот**
**одржана на 24.09.2013 година**

**Присутни членови на Советот:** д-р Зоран Трајчевски, д-р Милаим Фетаи, м-р Васко Петревски, Лазо Петрушевски, м-р Борис Арсов, Антонио Јовановски, м-р Методија Јанчески, Селвер Ајдини, Столе Наумов, Бранко Радовановиќ, Замир Мехмети.

**Отсутни членови на Совет:** м-р Алма Машовиќ (годишен одмор), акад. Бојан Шоптрајанов (оправдано отсутен), Сељадин Џезаири (оправдано отсутен), Методи Стоименовски (оправдано отсутен).

**Присутни од Стручна служба:** м-р Андриана Скерлев-Чакар, Огнен Неделковски, Слободан Беличански, м-р Емилија Јаневска, Цветанка Митревска, Арбен Саити, м-р Драгица Љубевска, Јетон Исмаили, Маја Дамевска, Ружица Бошнакоска – Јотевска.

**Други присутни: /**

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски ја отвори 47-та (јавна) седница на Советот за радиодифузија на Република Македонија. Седницата започна во 11 часот и се одржа во просториите на Советот.

Заменикот на претседателот, д-р Милаим Фетаи, во однос на предложената точката од Дневниот ред со наслов „Информација во врска со доставената Изјава бр.07-390 од 19.09.2013 година (заверена кај нотар во Дебар број УЗП 2639/13 од 19.09.2013 година), за престанок на емитување радио програма од страна на ТРД „РАДИО-МЕРЛИН“ Фатмир, ДООЕЛ Дебар“, посочи дека има нови моменти и предложи точката да се разгледа на следна седница. Информира дека со сопственикот на медиумот остварил телефонски разговор, кој се изјаснил дека ја повлекува изјавата, односно дека не престанува со радиодифузната дејност и дека ќе продолжи да емитува програма.

Претседателот на Советот, д-р Зоран Трајчевски, се согласи да се одложи точката, но потенцира дека сопственикот треба да достави официјален документ до Советот дека ја повлекува изјавата. Предлогот, точката да се одложи, се усвои едногласно.

Советот, со 11 гласа „за“, едногласно, го усвои следниот:

**Д н е в е н р е д**

1. Усвојување на Записникот од 42-та седница на Советот, одржана на 05.09.2013 година.
2. Информација за текот на стечајната постапка над стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво ПИНК 15 ДООЕЛ Скопје.
3. Информација во врска со определените мерки за обезбедување над Радио дифузното трговско друштво „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА“ ДООЕЛ Македонска Каменица, со Предлог-Решение за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност (Прилог бр. 1).
4. Извештај од мониторингот на серијалот „Меѓу чаршафите“ со Ребека Розенблат, емитуван на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, реализиран во периодот од 9-13 септември 2013 година.
5. Разно

**Точка 1**

Советот го разгледа Записникот од 42-та седница на Советот, одржана на 05.09.2013 година и со 9 гласа „за“ и 2 воздржани гласа од членовите на Советот Бранко Радовановиќ и м-р Борис Арсов, го усвои во текстот како што беше предложен.

**Точка 2**

Советот ја разгледа предложената Информација за текот на стечајната постапка над стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво ПИНК 15 ДООЕЛ Скопје.

Советот ја предложената Информација за текот на стечајната постапка над стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво „ПИНК 15“ ДООЕЛ Скопје.

Врз основа на произнесувањето на доверителите, Судот констатирал дека собранието на доверители на стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво „ПИНК 15“ Скопје, донесе одлука, деловниот потфат на должникот да биде затворен, со впаричување на имотот на стечајниот должник, а начинот и условите за претварање на имотот во пари да биде по пат на јавен оглас за прибирање на понуди.

Советот го задолжи Секторот за правни работи, да продолжи со учество и следење на стечајната постапка на стечајниот должник Трговско радиодифузно друштво „ПИНК 15“ Скопје.

**Точка 3**

Советот ја разгледа предложената Информација во врска со определените мерки за обезбедување над Радио дифузното трговско друштво „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА“ ДООЕЛ Македонска Каменица, со Предлог-Решение за престанок на важноста на дозволата за вршење радиодифузна дејност (Прилог бр. 1).

Раководителот на Секторот за праавни работи објасни дека Секторот за правни работи на 19.09.2013 година стапил во контакт со именуваниот привремен стечаен управник Богдан Митевски од Штип, кој известил дека заклучно со 19.09.2013 година, РТД „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА’’ ДООЕЛ Македонска Каменица престанал да работи односно да емитува радио програмски сервис и дека престанал да постои како субјект.

Советот констатира дека заклучно со 24.09.2013 година РТД „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА’’ ДООЕЛ Македонска Каменица, ги има подмирено обврските кон Советот за радиодифузија на РМ, а во врска со годишниот надоместок за дозволата за вршење радиодифузна дејност.

Советот ја усвои предложената Информација во врска со определените мерки за обезбедување над Радио дифузното трговско друштво ,,РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА” ДООЕЛ Македонска Каменица.

Врз основа на горенаведеното, Советот едногласно донесе Решение за престанок на важноста за дозволата за вршење радиодифузна дејност бр. 07-3464/1 од 26.11.2008 година, по објавувањето на Решението за отворање стечајна постапка над должникот РТД „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА’’ ДООЕЛ Македонска Каменица.

Советот го задолжи Секторот за правни работи, да го подготви Решението. Советот го задолжи Секторот за технологии и информатика да подготви допис до АЕК со кој ќе го извести за престанок на важноста за дозволата за вршење радиодифузна дејност бр. 07-3464/1 од 26.11.2008 на РТД „РАДИО МАКЕДОНСКА КАМЕНИЦА’’ ДООЕЛ Македонска Каменица.

Советот го задолжи Секретаријатот на Советот, Решението да го објави во „Службен весник на РМ“.

Советот го задолжи назначеното лице од Совет, за водење на предмети по управна постапка, Решението да го заведе во Уписникот – УП1.

**Точка 4**

Советот го разгледа предложениот Извештај од мониторингот на серијалот „Меѓу чаршафите“ со Ребека Роземблат, емитуван на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, реализиран во периодот од 9-13 септември 2013 година.

Во периодот од 9 до 13 септември на програмата на ТВ Телма, во интервалот меѓу 16:40 и 17:20 часот, се емитувани пет епизоди од реалната шоу програма „Меѓу чаршафите, со Ребека Розенблат “. Една од епизодите е означена само на почетокот како програма од Прва категорија, една воопшто не е означена, а другите три се означени како програми од Втора категорија. Станува збор за серијал којшто се занимава со сексуалните проблеми на двојките што учествуваат во шоуто.

Членот на Советот, Лазо Петрушевски, поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), предложи да се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

Членот на Советот, Столе Наумов, во однос на констатираното прекршување на ТВ Телма, рече дека предложената мерка писмена опомена со барање за објавување е престрога, бидејќи серијалот „Меѓу чаршафите, со Ребека Розенблат “ има сосема друга димензија, односно емисијата е од научно-едукативен карактер. Во таа насока предложи да се изрече мерката писмена опомена.

Членот на Советот, м-р Васко Петревски во однос на мониторингот на серијалот „Меѓу чаршафите“ со Ребека Роземблат, емитуван на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, реализиран во периодот од 9-13 септември 2013 година, предложи да се изрече мерката писмена опомена со барање за објавување, бидејќи пред сé се однесува на заштита на малолетната публика.

Советот го усвои предложениот Извештај од мониторингот на серијалот „Меѓу чаршафите“ со Ребека Розенблат, емитуван на ТРД Телевизија Макпетрол ДООЕЛ Скопје, реализиран во периодот од 9-13 септември 2013 година.

Советот со 9 гласа „за“ и 2 воздржани гласа од членовите на Советот, Столе Наумов и Бранко Радовановиќ, одлучи на ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје:

- поради прекршување на член 71 став 3 од Законот за радиодифузната дејност и член 7 од Правилникот за заштита на малолетната публика од програми што можат штетно да влијаат врз нејзиниот физички, психички и морален развој (несоодветен термин на емитување програма), да се изрече мерката: писмена опомена со барање за објавување.

На ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, му се наложува во рок од 7 (седум) дена, од денот на приемот на Одлуката, да ги отстрани сторените повреди со непочитувањето на Законот за радиодифузната дејност ("Службен весник на РМ", бр.100/05, 19/07, 103/08, 152/08, 06/2010, 145/2010, 97/2011) и прописите донесени врз основа на истиот закон.

Се задолжува ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, во рок од 30 (триесет) дена од денот на приемот на Одлуката, да ја изврши изречената мерка и во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на Одлуката, писмено да го извести Советот за радиодифузија на РМ за денот кога ќе ја спроведе/изврши истата.

Се задолжува ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје, изречената мерка писмена опомена со барање за објавување да ја изврши на начин што на телоп на

целиот екран, ќе се испишат податоци за: органот кој ја изрекол мерката, називот на изречената мерка, датумот и часот на сторувањето на прекршокот поради кој е изречена мерката, описот на прекршокот и бројот на членот од Законот кој е прекршен. Објавувањето да се изврши во периодот од 17:00 до 20:00 часот. На објавените писмени опомени со барање за објавување, не е дозволено да се емитува коментар.

Се задолжува Секторот за програмски работи да го следи извршувањето на изречената мерка: писмена опомена со барање за објавување од страна на радиодифузерот ТРД ТЕЛЕВИЗИЈА МАКПЕТРОЛ ДООЕЛ Скопје и да го извести Секторот за правни работи за да ја евидентира во соодветната база на податоци која ја води Секторот за правни работи.

**Точка 6**

Разно

- Советот ја усвои Информацијата по Барањето на ТРД Канал 5 ДООЕЛ – Скопје бр. 03-3876/1 од 23.09.2013 година, за затемнување на реемитувањето на странскиот телевизискиот програмски сервис ТВ ОБН (TV OBN) за време на реемитувањето на ТВ серијата „Сулејман Величенствени.

На 21.09.2013 година, од страна на ТРД Канал 5 ДООЕЛ – Скопје, до Советот по електронска пошта, беше доставено барање за затемнување на реемитувањето на странскиот телевизискиот програмски сервис ТВ ОБН (TV OBN) за време на реемитувањето на ТВ серијата „Сулејман Величенствени“, врз основа на претходно доставен Договорот за купување на права за емитување на турската ТВ серија „Величествениот султан“, склучен на 22.11.2012 година, на англиски јазик, помеѓу имателот на правата ROYALTIES IP MARKETING AND MANAGMENT Ltd, како продавач, и ТРД Канал 5 ДООЕЛ – Скопје, како купувач, и тоа 96 епизоди од третата сезона и 36 епизоди од четвртата сезона.

Од договорот е видно дека телевизиските права се однесуваат на територијата на Република Македонија и се ексклузивни во однос на:

- Некодираното (FTA) терестријално емитување;
- Кабелското и друго реемитување во јавни комуникациски мрежи, во рамките на основниот пакет; и
- Сателитското кодирано емитување.

Со оглед на содржаното во претходната Информацијата од 24.04.2013 година, содржината на цитираниот Договор за купување на права за емитување и ова дополнение од 21.09.2013 година, Советот едногласно констатира дека правно основано е барањето на ТРД Канал 5 ДООЕЛ – Скопје, за затемнување на реемитувањето на странскиот телевизискиот програмски сервис ТВ ОБН за време на премиерното и репризното реемитување на ТВ серијата „Сулејман Величенствени“ (на програмата на Канал 5 позната под името „Величенствениот султан“).

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права, со писмени дописи и по електронска пошта да им наложи на сите оператори на јавни комуникациски мрежи, да вршат затемнување на странскиот телевизиски програмски сервис ТВ ОБН (TV OBN) за време на премиерното и репризното емитување на ТВ серијата „Сулејман Величенствени“, во следниве термини: од понеделник до петок во термини од 15:55 до 17:00 часот; од 20:00 до 21:00 часот како и во термин од 22:20 до 23:30 часот, и сабота од 13:20 до 17:30 часот, со наведување на причината за затемнувањето, и со напомена дека ќе следат контролни мониторинзи заради проверка дали се почитува налогот за затемнување.

Советот го задолжи Секторот за спречување на пиратерија и заштита на авторските и сродните права со допис да го извести ТРД Канал 5 за заклучокот на Советот.

**Бр. 02-3852/6**
**17.10.2013 година**
**С к о п ј е**

**Совет за радиодифузија на РМ**
**П р е т с е д а т е л,**
**д-р Зоран ТРАЈЧЕВСКИ , с.р.**

**Записникот го водеше,**
**Ружица Бошнакоска Јотевска**

*Изработил: Ружица Бошнакоска Јотевска*
*Одобрил: Огнен Неделковски*